Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
-Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore-

**Архивски број:** 04-3978/11
**Датум:** 09-07-2026

Врз основа на член 11 и член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл. весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и "Службен весник на РСМ" број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 348/2026 од Агенцијата за администрација, Државниот секретар на Министерство за социјална политика, демографија и млади донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Министерство за социјална политика, демографија и млади

1. Алајдин Хавзиу, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Министерство за социјална политика, демографија и млади, за работното место Помлад соработник за истражување и анализа во областа на психофизичкиот развој на младите и превенција на социопатолошки појави кај младите, Одделение за истражување на области од интерес на младите-Истражувачки центар, Сектор за млади, со шифра на работно место УПР0101В04000.
2. Именуваниот ќе заснова работен однос во Министерство за социјална политика, демографија и млади на работното место од точка 1 од ова решение по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, Агенцијата за администрација по барање на Министерство за социјална политика, демографија и млади на ден 03.06.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен Печат" и "Коха", објави јавен оглас број 351/2026 за пополнување на работното место Помлад соработник за истражување и анализа во областа на психофизичкиот развој на младите и превенција на социопатолошки појави кај младите, Одделение за истражување на области од интерес на младите-Истражувачки центар, Сектор за млади.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
-Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore-

Агенцијата за администрација со Решение формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас бр.351/2026. По завршување на сите три фази од постапката за селекција на кандидатите, Агенцијата за администрација достави до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови за работното место под број 1 од јавниот оглас бр. 351/2026 година, со број 10-1427/9 од 08.07.2026 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас број 351/2026 година, со број 10-1427/9 од 08.07.2026 година, Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади за работното Помлад соработник за истражување и анализа во областа на психофизичкиот развој на младите и превенција на социопатолошки појави кај младите, Одделение за истражување на области од интерес на младите-Истражувачки центар, Сектор за млади со шифра на работно место УПР0101В04000 го избира кандидатот Алајдин Хавзиу.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: И.Кусакатска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk